СТАНИЦА П.Е.Т.
ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ПРАВНА ЕДУКАЦИЈА И ТРАНСПАРЕНТНОСТ




Здружение Станица П.Е.Т.

# Годишен наративен извештај

# 2022

ул. Прилепски бранители бр. 24/1 - мезанин, 7500 Прилеп

www.stanicapet.org.mk

+389 76 278 753

stanicapet@gmail.com

# КОИ СМЕ НИЕ?

Здружението СТАНИЦА П.Е.Т. е грас-рут организација фокусирана на правно зајакнување и пристап до правда за маргинализираните заедници, особено за ромските и руралните заедници во Северна Македонија. Во нашата работа го користиме пристапот заснован на заедницата за да ги поттикнеме граѓаните во остварувањето на нивните права, особено фокусирајќи се на здравствените и социјалните права, како и домувањето, животната средина, граѓанското учество во демократските процеси на локално ниво, транспарентноста и отчетноста на институциите и др. Како такви, обезбедуваме правна и параправна помош и правна едукација, фасцилитираме активности на терен, мобилизацијата на заедницата и застапување за справување со најитните прашања со кои се соочуваат нашите целни групи. Нашиот тим се состои од правници, параправници и здравствени промотори во заедницата, кои работат заедно и заемно ги унапредуваат своите знаења и пракса. Како грас-рут организација ги спроведуваме нашите активности во канцеларијата на организацијата лоцирана во градот Прилеп, но и преку мобилна канцеларија која патува низ три рурални области (Мариово, Кривогаштани и Долнени) како и преку онлајн /телефонска комуникација.

На ваков начин, на годишно ниво обезбедуваме околу 1200 услуги и ангажираме повеќе од 100 претставници од заедниците, различни групи и институции во активности на терен. Исто така, посветени сме на олеснување и посредување во комуникацијата и соработката меѓу граѓаните и институциите на локално ниво, како и зголемување на граѓанското учество во процесите на донесување одлуки. Здружението е основано во 2018 година и од тогаш во континуитет реализира проекти поврзани со зајакнување на заедницата и застапување за промени.

Самиот термин “станица” е место каде што луѓето секогаш можат да се обратат, а зборот “ПЕТ” е акроним и означува правна едукација и транспарентност. Ова значи дека ова здружение е место каде сите граѓани можат да бидат правно едуцирани и да побараат помош, но и транспарентност и отчетност од институциите.

Основните цели кон кои е насочена нашата работа и дејствување се :

- Да им се овозможи едукација и асистенција на граѓаните во насока на остварување на нивните права, со фокус кон ранливите и маргинализирани групи, посебно кон Ромите, во делот на здравствени и социјални права.
- Да се поттикнат институциите на системот на транспрантност и одговорност во работата, прилагодена спрема потребите на граѓаните.
- Да се промовира еднаквост на граѓаните по сите основи, преку преземање на активности за превенција и заштита од дискриминација.
- Да се поттикнат физичките и правните лица за нивно вклучување во акции од хуманитарен карактер, со цел намалување на сиромаштијата.
- Да се овозможат услови за мултиетничка и социјална кохезија и делување преку вклучување на лица од различни етнички, географски и социјален профил како можност да се постигне реален и ефективен придонес за позитивни општествени промени.
- Да се придонесе кон постигнување на родова рамноправност и справување со постојните нееднаквости помеѓу мажите и жените, во насока на унапредување на вклученоста на жените во општествените процеси.

# ЗА НАС




**Весна Шапкоски**
Извршна директорка



**Христина Здравеска**
Правник




**Џенгис Бериша**
Финансиски менаџер



**Маја Петанческа**
Администратор



**Нури Дервишоски**
Параправник
за Ромска заедница



**Бајрам Ибески**
Параправник
за општина Долнени



**Спасе Чакревски**
Параправник
за регион Мариово



**Иле Грашкоски**
Параправник
за општина Кривогаштани

Marketing Strategist Marketing Analyst Marketing Analyst

# ВИЗИЈА

Овозможен пристап до правда за секој граѓанин.

# МИСИЈА

Да се остварат правните потреби на граѓаните преку поттикнување на отвореност и соработка на институциите.



# ПРОГРАМА: ПРИСТАП ДО ПРАВДА

- **Организирање на заедницата за зголемена интер-религиска комуникација и толеранција (април-ноември 2022) поддржан од Национален Демократски Институт (НДИ)**
- **Интерсекциска дискриминација во Северна Македонија ( мај 2021 – септември 2022), со поддршка од МЦМС – Цивика Мобилитас, во партнерство со Хелсиншки комитет за човекови права и ХОПС Опции за здрав живот Скопје**
- **Центар за пристап до правда (октомври 2021 – декември 2022) Поддржан од: Фондација Отворено општество Македонија**
- **Утврдување на влијанијата на социјалните и економски детерминанти врз животната средина на Ромите (јануари-декември 2022) поддржан од Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените ЕСЕ, преку проект од СЗО**
- **Пристап до правда за најмаргинализираните (јануари 2022 – јули 2023) Поддржан од: ЕУ - ЕИДХР, Во партнерство со: Фондација Отворено општество Македонија, ХОПС Опции за здрав живот - Скопје**
- **Зајакнување на повратниците Роми преку еднаков пристап до економски и социјални права (декември 2022 – мај 2023) поддржан од УНДП**
- **Преку вклучување на Ромите кон унапреден процес на следење на контактите за превенција во време на пандемија (мај-август 2022) поддржан од Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените ЕСЕ**
- **Legal Empowerment Fund – institutional support (јуни 2022 – јуни 2024) поддржан од Fund for Global Human Rights (преку Legal Empowerment Fund)**



# ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ЗАЕДНИЦАТА ЗА ЗГОЛЕМЕНА МЕЃУРЕЛИГИСКА КОМУНИКАЦИЈА И ТОЛЕРАНЦИЈА

ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ПРАВНА ЕДУКАЦИЈА И ТРАНСПАРЕНТНОСТ СТАНИЦА П.Е.Т.

## РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ/РЕЗУЛТАТИ

**1. Организирање на заедницата за зголемена интер-религиска комуникација и толеранција**

**ЦЕЛИ НА ПРОЕКТОТ**

**Цел 1: Да се креира безбеден простор за меѓурелигиска комуникација и соработка и за изразување на различни религиозни верувања и вредности.**

**Цел 2: Да се организираат заедници од различни верски групи во заедничка активност за подигање на јавната свест за меѓурелигиска толеранција и разбирање.**

**Наставна програма:**

**Креиран Курикулум за Интер-религиска школа за комуникации: 4 теми, 18 работни сесии, 6 наставни часови (работни денови).**

**Објавен јавен повик за пријавување на учесници од религиозни групи и граѓански организации.**

**ИНТЕР-РЕЛИГИСКА ШКОЛА ЗА КОМУНИКАЦИИ**

**Како се реализираше?**

**Час 1**

**08.06.2022**

**Заедницата и системот од кој сме дел, градењето партнерства како и зајакнување на заедницата преку креативен активизам и изразување.**

**Час 2**

**16.06.2022**

**Еднаквост и правда, планирање и спроведување на иницијативи, социјалното претприемништво, унапредување на креативните вештини**

**Час 3**
**23.06.2022**
**Основи на комуникацијата, интер-религиските вредности, стереотипите и предрасудите.**
**Дискусија: Пандемијата и религијата!**
**Час 4**
**30.06.2022**
**Отворена комуникација -клуч за промовирање на сопствените религиозни убедувања, но и за прифаќање на**
**верувањата на другите. Дискусија: медиумите и религиските конфликти!**




**Час 5**
**07.07.2022**
**Комуникацијата како вештина која има моќ да ги поврзе или да ги подели нашите заедници, во зависност од тоа како ја употребуваме.**
**Час 6**
**14.07.2022**
**Креативен активизам – изработка на уметнички креативни творби, секој според своите афинитети, со кои учесниците ги изразија сопствените верувања и вредности.**

**ШТО НАУЧИВМЕ?**
**·Кога комуникацијата е ефективна, таа ги остава сите вклучени страни задоволни и со чувство на исполнетост.**
**·Кога јасно ги пренесуваме пораките, не оставаме простор за недоразбирање, со што го намалуваме потенцијалот за конфликт.**
**·Кога правилно и јасно ќе научиме да ги изразуваме и комуницираме нашите вредности и верувања, ќе разбереме дека сите меѓусебно без разлика од која религиозна група доаѓаме, имаме многу повеќе работи кои не поврзуваат отколку такви кои не делат.**





## РАЗЛИЧНОСТИТЕ ШТО НÉ ПОВРЗУВААТ – ЈАВНА ИЗЛОЖБА

**10.11.2022 – изложени 20 уметнички креативни, учество на 40 претставници од институции, религиозни групи и ГО**

**На ден 10.11.2022 година во просториите на ЈОУ Градска библотека „Борка Талески“ во Прилеп беа изложени 20 уметнички креативни творби изработени од учесниците на Интер-религиската школа за комуникации, со кои тие отворено ги изразија своите вредности и убедувања.**
**Со овој настан испративме јасна порака за тоа дека различностите се богатството на нашето општество и дека наместо да ги потиснуваме, ние треба гласно и без ограничувања да ги истакнеме, и да покажеме дека во тие различности е нашето единство и уникатност.**
**На настанот свое обраќање имаше и г-динот Ерик Мејер, заменик-шеф на мисијата во Амбасадата на САД во Северна Македонија. Настанот беше проследен од 40тина учесници од институции, религиозни групи и ГО, како и од повеќе локални и национални медиуми.**










## 2. Интерсекциска дискриминација во Северна Македонија

**Здружението СТАНИЦА П.Е.Т. е еден од имплементаторите на проектот Интерсекциска дискриминација во Северна Македонија. Во рамки на проектот Интерсекциска дискриминација Здружението спроведе повеќе активности согласно проектната апликација. Првично беше подготвено мапирање односно базичен преглед на точките на пресек согласно новиот Закон за заштита од дискриминација со фокус на ранливите и маргинализирани заедници.**

**Проектниот тим во соработка со партнерската организација подготви “Прашалник за познавањето на новите одредби и придобивки од Законот за заштита од дискриминација и работата/очекувањата од Комисијата за заштита од дискриминација на ранливите и маргинализираните заедници“.Проектниот тим и анкетарите избрани за спроведување на активноста, учествуваа на обука за кои ќе бидат анкетирани.**

**Во месец декември по успешно помината обука за интерсекциска дискриминација, примена на интерсекциската методологијата како и успешно спроведување на прашалникот со ранливите групи, беа анкетирани 150 лица припаници на ромската заедница и лица од рурални средини на територијата на Општина Прилеп користејќи го методот “лице в лице“.**

**Причината поради која при анкетирањето се употреби овој метод претставуваат карактеристиките на маргинализираните заедници како што се Ромите и лицата од руралните средини, дел од нив немаат пристап до онлајн технологија и редовна интернет конекција, а оние што имаат би имале потешкотии доколку самостојно требаше да го пополнат прашалникот.**

**Последователно се спроведоа три регионални фокус групи. Оваа активност се реализираше согласно здравствената ситуација во државата со можност истата да се имплементира комбинирано - виртуелно и непосредно.**

**Резултатите кои ги добивме од првата фокус група се следни:**

**•Присутните жени Ромки лично се соочиле барем еднаш со дискриминација во текот на својот живот.**

**•Како основ врз кој се случила дискриминацијата ја наведуваат етничката припадност, припадноста на маргинализирана заедница во случајов Ромска, дополнително истакнувајќи ја бојата на кожата како друг значаен основ.**

**•Дополнително, родот и самиот факт што се жени ги става во пододредена положба на мажите, како и фактот што се ниско образовани поради што и поголемиот број се социјално загрозени.**

**•Како најчеста област во која се случила дискриминацијата преставува пристапот до добра и услуги. Имено, во општина Прилеп има системска дискриминација на лицата од ромската етничка заедница во пристапот до добра и услуги.**

**•Знаат дека постои Закон со кој се забранува дискриминацијата, дел од нив присуствувале на обуки и имаат основни познавања на темата.**

**•Изјавија дека не би поднеле претставка за заштита од дискриминација бидејќи сметаат дека истата нема ништо да промени во нивното секојдневие и нема да го подобри нивниот живот, истакнаа дека не веруваат во институциите на системот кога станува збор за заштита на правата на маргинализираните заедници.**

**Втората фокус група која се спроведе со млади Роми и Ромки ги даде следните резултати:**
**•Најчест основ врз кој се случила дискриминацијата претставува етничка припадност односно припадноста на маргинализирана заедница во случајов Ромска а потоа бојата на кожата како значаен основ.**
**•Област во која најчесто се случила дискриминацијата претставува пристапот до добра и услуги, а следни се работните односи каде голема улога игра етничката припадност.**
**•Како место кое најмногу го препознаваат и до кое имаат пристап присутните ги наведоа Здруженијата на граѓани, каде истите секојдневно се обраќаат за остварување на нивните права. Следна институција до која присутните би се обратиле во случај на дискриминација претставува Народниот правобранител, за кого исто така посочија дека му веруваат.**
**•Запознаени се со постоењето на Закон со кој се забранува дискриминацијата, но не ја препознаваат Комисијата како тело за заштита од дискриминација.**
**•Дел од присутните со помош на Здружение СТАНИЦА П.Е.Т. имаат поднесено претставка за заштита од дискриминација и имаат добиено позитивно мислење од Комисијата за спречување и заштита од дискриминација со кое е утврдена интерсекциска дискриминација.**

**Третата фокус група се спроведе со жители на рурални средини на различна возраст од општините Кривогаштани и Долнени. Резултатите се следни:**
**•Сметаат дека поради својата припадност на рурална заедница, не се наоѓаат на исто ниво со лицата кои живеат во градовите, особено Прилеп и препознаваат различно однесување од институциите кон лицата кои живеат во руралните средини.**
**•Се соочиле барем еднаш со дискриминација или познаваат некој кој бил дискриминиран. Во однос на основот врз кој се случила дискриминацијата истата најчесто се случува поради социјалното потекло и припадноста на рурална средина. Следен основ кој го истакнаа испитаниците претставува родот, фактот што жените се ставени во подредена положба на мажите, во најголем број домаќинки иако подеднакво придонесуваат во домаќинствата.**
**•Како најчеста област во која се случила дискриминацијата присутните го посочуваат пристапот до инфраструктурата.**
**•Она што е поразлично во однос на претходните две групи е ниското ниво на познавање на институционалната заштита односно каде можат лицата да се обратат доколку сметаат дека се жртви на дискриминација. Поголемиот дел од присутните истакнаа дека не знаат каде да се обратат.**
**•Не знаат дека постои Закон со кој се забранува дискриминацијата, па и да постои не веруваат дека истиот се спроведува бидејќи не слушнале некој да е казнет за дискриминација.**
**•Присутните изјавија дека досега не поднеле претставка за заштита од дискриминација бидејќи не се запознаени со процедурата ниту знаат каде да се обратат. Дел можеби би поднеле, доколку институциите кои се надлежни совесно си ја работат работата, а оние кои истакнаа дека не би поднеле како причина го наведуваат стравот од можните негативни последици од пријавата и виктимизација. Исто така не би поднеле тужба за заштита од доискриминација до надлежен суд бидејќи не веруваат во судството, адвокатите се премногу скапи, а судските постапки траат премногу долго.**

Следна активност претставуваше подготовка на четири инфографици.

Првиот инфографик содржи детален пример за Интерсекциска дискриминација во пристапот до јавни добра и услуги во Прилеп во кој на еден креативен начин е образложен вистински настан кој ја отсликува дискриминацијата од страна на приватни правни лица. Во рамките на инфографикот се дадени информации за поднесената претставка во Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, даденото мислење од страна на Комисијата и утврдена интерсекциска дискриминација, како и дадените препораки.

Вториот инфографик ги прикажа резултатите од спроведените фокус-групи со жени-Ромки и млади Роми од Прилеп, кои се соочиле со дискриминација. Во него се поместени најважните податоци од искуствата на учесниците во фокус-групите, а кои се однесуваат на областите и основите за дискриминација, со посебен осврт на интерсекциската дискриминација. Резултати: 2/3 од учесниците сметаат дека се соочиле со дискриминација; 1/3 од учесниците сметаат дека биле дискриминарани по повеќе основни, т.е. дека се соочиле со интерсекциска дискриминација; Етничката припадност и бојата на кожата се најчестите основи на дискриминација; Пристапот до добра и услуги е најзастапена област на дискриминација.

Третиот инфографик посветен на интерсекциска дискриминација на лицата кои живеат во рурални средини. Инфографикот ги прикажува резултатите од одржаната фокус група, со која беа опфатени жители од општините Кривогаштани и Долнени. Резултати: Повеќе од половина од учесниците барем еднаш се соочиле со дискриминација; Пристапот до инфраструктура, работните односи и здравствената заштита се трите најчести области во кои е застапена дискриминацијата кон граѓаните од руралните средини.






**Четвртиот и последен инфографик е посветен на препораките за унапредување на работата на граѓанските организации за адресирање на интерсекциската дискриминација кои произлегоа како резултат на финалната публикација со што е дава завршен осврт на проектот.**

**Во однос на активноста: Унапредување на бесплатната правна помош, Здружението СТАНИЦА П.Е.Т. обезбедува правни сервиси со кои на граѓаните им се овозможува асистенција во идентификување и водење на случаи на дискриминација со фокус на случаите на интерсекциска дискриминација.**
**За крај заедно со партнерските организации се подготви и брошура која содржи основни информации за интерсекциската дискриминација, образложени случаи од терен за полесно препознавање на овој вид на дискриминација и каде граѓаните можат да се обратат и да побараат помош доколу сметаат дека се дискриминирани.**






## 3. Центар за пристап до правда

- **Обезбедување на социјални услуги (директна правна помош и асистенција на граѓаните) во остварување на здравствените и социјалните права**

Во канцеларијата на здружението СТАНИЦА П.Е.Т. секојдневно им се овозможуваат правни совети, упатување, пополнување на документација и правна асистенција на граѓаните во остварување на здравствените и социјалните права. Доследната примена на терен за Законот за социјална заштита сеуште наидува на одредени пречки и недоследности во однос на остварување на правата од социјална заштита на граѓаните, посебно на таргет групата со која работи здружението сеуште им е потребна помош од едукација за процедурата и начинот на остварување на социјалните права и кои услови треба да ги исполнуваат за да станат корисници на одредено право загарантирано со закон. Исто така на граѓаните им се нуди и редовната помош во комлетирање на потребната документација за остварување на одредено право и упатување до релевантната институција до која истата да ја поднесат.

За таа цел во канцеларијата на здружението правен совет и асистенција обезбедиле 624 лица.

- **Идентификување на системски пречки во остварувањето на правата и поднесување на соодветни реакции**

Во наведениот период, освен редовната правна помош и асистенција која на граѓаните им се обезбедува идивидуално, за решавање на нивните правни потреби и проблеми, се работеше и на идентификување на системски пречки кои го таргетираат колективното остварување на правата. Во рамки на оваа активност наведениот период се идентификувани 6 системски пречки за што се поднесени соодветни реакции/преземени соодветни дејствија.

1.Одолговлекување на постапка за прием во државјанство на странски државјани.

2.Неможност лицата кои се условно отпуштени од издржување казна затвор, а доаѓаат од маргинализирани заедници да ги остварат своите права поради недостаток од лична документација и немање финансиски средства за истото.

3.Пропуст во соодветно институционално постапување, во случај на злоупотреба на вршењето на родителското право и грубо занемарување на родителските должности.

4.Поднесена реакција за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата и усогласување со Законот за минимална плата до Владата на Република Северна Македонија како и до Министерството за труд и социјална политика.

5.Пријава до ОЈО Прилеп и МВР за злоупотреба на деца и нелегална вонбрачна заедница со малолетно дете. Пријавата се однесуваше на детски брак што го пријавија родителите на девојчето кои сакаа да останат анонимни за да ја заштитат својата семејна безбедност.

6.Реакција до Јавното обвинителство, Народниот правобранител и МВР за оддолжување на постапката по пријавена полициска бруталност врз малолетник Ром.

- **Организирање на обуки за зајакнување на капацитетите на промоторите во заедницата**

Одржана обука за зајакнување на капацитетите на здравствените промотори и параправници на здружението која беше посветена на заштитата на правата на пациентите, препознавање и навремено реагирање во случај на идентификувани злоупотреби.

- **Подготовка и дистрибуција на едукативни материјали за остварување на здравствени права**

**Подготвен и дистрибуиран промотивен материјал со порака за важноста од споделување на навремени и точни информации со пациентите, како клучен фактор кој води кон успешен процес на лекување и заштита на правата на пациентите. Во периодот октомври-ноември, 2022 година, беше подготвен и дистрибуиран промотивен материјал со порака за важноста од споделување на навремени и точни информации со пациентите, како клучен фактор кој води кон успешен процес на лекување и заштита на правата на пациентите.**

**Пораката произлезе од работата на нашите здравствени промотори во заедницата и од актуелизирањето на повеќе случаи на прекршување на повреди на права на пациентите во јавноста, каде е идентификувана недоволна и нејасна информираност на пациентите за текот и начинот на лекување, што понатаму води кон други можни злоупотреби и манипулации.**

**Преку овој промотивен материјал, кој беше дистрибуиран на 60тина претставници од заедниците и од локалните здравствени и други установи, испративме порака дека точната информација е право на секој пациент и дека таа е клучна во процесот на успешно лекување.**






- **Подготовка на Анализа за применувањето на механизмите за пристап до правда во Република Северна Македонија**

**Во соработка со доц. Д-р Ивона Шушак Лозановска, надворешен соработник на Институт за истражувања и европски студии од Битола и раководител на Правна клиника при Универзитет Св. Климент Охридски Битола, беше подготвен документ ПРАВДА КОЈА СЕ ОДОЛГОВЛЕКУВА Е ПРАВДА КОЈА НЕ СЕ ПОСТИГНУВА – Анализа на фукционалноста на механизмите за пристап до правда во Ррепублика Северна Македонија. Во документот е направена анализа на обемот и капацитетите со кои функционираат подрачните одделенија за бесплатна правна помош при Министерството за правда, како и бројот и времетраењето на постапките на одобрување на барања за секуднарна правна помош, а за истото се дадени и соодветни репораки за подобрување на состојбите.**

- **Организирање на јавен настан за споделување на клучните резултати од проектот и примоција на Анализа за применувањето на механизмите за пристап до правда во Република Северна Македонија**

**На ден 28.12.2022 година во порсториите на КЛУБ ПЕТ се одржа јавен настан за промоција на публикацијата ПРАВДА КОЈА СЕ ОДОЛГОВЛЕКУВА Е ПРАВДА КОЈА НЕ СЕ ПОСТИГНУВА – Анализа на фукционалноста на механизмите за пристап до правда во Ррепублика Северна Македонија.**

**На настанот говорници беа Весна Шапкоски – извршна директорка на СТАНИЦА П.Е.Т. која зборуваше за позадината на проблемот и од каде произлезе потребата за една ваква анализа, како и доц. Д-р Ивона Шушак Лозановска, надворешен соработник на ИИЕС Битола и раководител на Правна клиника при УКЛО Битола, која ги презентираше клучните наоди и дадените препораки во самата анализа. На настанот учество зедоа 30 преставници од граѓански сектор, локални институции и заинтересирани граѓани-корисници на услуги на здружението, а истиот беше проследен и од повеќе локални и национални медиуми.**















### 4. Утврдување на влијанијата на социјалните и економски детерминанти врз животната средина на Ромите

**Во период јануари - декември 2022, СТАНИЦА П.Е.Т. ги спроведе детално планираните активности во координација и директна соработка со носителот на проектот ЕСЕ и партнерските организации.**

**Активност 1: Спроведување на истражување помеѓу ромското население со цел утврдување на влијанијата на социјалните и економските детерминанти врз животната средина**

**Во текот на месец февруари, одржан состанок на ЗООМ платформата за консултација и координација на активностите помеѓу имплементаторите согласно апликацијата. На состанокот беа дискутирани поединечно активностите, временската рамка за нивна имплементација и останати тековни прашања поврзани со проектот.**

**Во текот на месец март, координаторот заедно со тимот на СТАНИЦА П.Е.Т. извршија мапирање на лица кои ќе учествуваат на Обука за спроведување на теренското истражување, согласно потребите на истражувањето и истите ќе го спроведуваат анкетирањето на терен во ромската заедница во Прилеп. Последователно беа организирани средби со тимот со цел нивно координирање и известување за текот на планираните активности согласно предвидената динамика.**

**Дополнително, беа мапирани локалитетите во кои ќе треба да се спроведува истражувањето и тоа населбата Тризла каде е концентрирана ромската заедница во Прилеп, поделена по области и улици и истите беа испратени до Здружението ЕСЕ.**



**Заради потребите на проектот и спроведувањето на активностите, како дел од логистичка поддршка беа идентификувани три локални добавувачи до кои беа препратени понуди за простор и освежување.**

**На 11 април, проектниот координатор заедно со избраните анкетари учествуваше на онлајн инструктажа организирана од страна на здружението ЕСЕ. На инструктажата анкетарите беа запознаени со нивните обвски, им беше детално образложен прашалникот кој треба да го спроведуваат на терен и сите останати детали поврзани со оваа активност. Исто така беа дадени детални насоки за спроведување на анкетите на терен според утврдениот број на прашалници по организација. После снабдувањето со потребната техничка опрема, се одржа средба помеѓу координаторот и анкетарите кои требаше да ги спроведат анкетите, со цел да се информираат во однос на ракувањето со техничката опрема (таблетите), се направи поделба по улици и беа дадени детални инструкции за успешно спроведување на анкетите преку тест анкетирање. Согласно временската рамка на проектната активност за спроведување на теренското анкетирање на 700 испитаници истата се имплементираше во периодот од 12 април до 31 мај 2022 година.**

На 14 април беше испратено барање до Локалната самоуправа во општина Прилеп со цел да се обезбеди по едно лице од Одделението за урбанизам и заштита на животната средина и Одделение за комунални работи со кои би се спроведило интервју и кои би одговориле на претходно структуриран прашалник. Во таа насока, според барање за назначување на лица од одделенијата беа именувани Татјана Стојаноска, Одделение за урбанизам и заштита на животна средина и Павлина Гулабоска, Одделение за комунални работи при општина Прилеп. Поради работни обврски и немонеможност на службеничките да определат датум и да одвојат време, беше договорено да се пополни прашалникот од нивна страна со цел да можат да ги приберат потребните податоци од сите засегнати страни, па по пристигнатиот одговор и пополнетиот прашалник од нивна страна истиот беше испратен до Здружението ЕСЕ.
Во месец мај, во текот на спроведувањето на теренското истражување беше спроведена повторена инструктажата со анкетарите кои го спроведуваат истражувањето, со цел споделување на искуствата и предизвиците во текот на теренското анкетирање и надминување на пропустите кои се појавија во текот на истражувањето. Во насока на целосна контрола и помош во спроведувањето на истражувањето, проектниот координатор директно беше присутен на терен заедно со анкетарите и истиот спроведуваше анкетирање во ромските домаќинства непосредно со анкетарите заради запазување на временската рамка за спроведување на истражувањето.



Согласно претходно утврдениот датум за спроведување на фокус група по организации, на 18 август се одржа фокус групата во просториите на Социјалното претпријатие „КЛУБ ПЕТ“ (здружение СТАНИЦА П.Е.Т.) на тема “Изложеноста и влијанието на еколошките ризици врз здравјето и животната средина на Ромите”. Имено за фокус групата беа поканети претставници на општинската администрација кои учествуваа во пополнување на прашалникот.

Исто така, присуствуваа и претставник од Секторот за заштита на животната средина на општината Прилеп, претставник на урбаните заедници Тризла 1 и Тризла 2, претставник на Центарот за јавно здравје, претставници на локални НВО за заштита на животната средина и заштита на правата на Ромите, како и претставници од анкетарите вклучени во спроведување на истражувањето на терен.
На средбата присуствуваа вкупно 17 лица, односно учество зедоа претставници од општинската администрација од повеќе сектори поврзани со темата, претставници на локални НВО, анкетарите кои учествуваа во спроведување на истражувањето, претставници од ромската заедница од сите делови во населба Тризла 1 и Тризла 2, како и проектниот тим, претставник од ЕСЕ, претставник од Тим Институт и ангажираниот експерт.

**Активност 2: Документирање на реалноста по однос на влијанието на социо-економските детерминанти и условите на животната средина врз маргинализираните заедници, преку PhotoVoice методологијата**

**Во следниот период, активностите беа насочени кон обезбедување на логистичка поддршка во организирање и учество на претставници од ромската заедница на обука по однос на примена на методологијата на PhotoVoice, односно обука за документирање на реалноста (PhotoVoice). Така, на 03 јули се одржа обука во Public Room во Скопје, на која учество зедоа координаторот и промоторите во заедницата кои се ангажирани за спроведување на анкетите на терен (вкупно 4 лица). За време на обуката од страна на обучувачот Мирко Трајановски (новинар), на сеопфатен и на интересен начин за учесниците ја презентираше методологијата за примена на Photovoice преку конкретни примери и вежби.**

**Во текот на месец август беа изработени и подготовени продукти, согласно добиените насоки и упатство за изработка на продукти по PhotoVoice методологија. Во соработка со локалните промотори во заедницата и анкетарите беа изработени вкупно 20 продукти преку документирање на сите горливи проблеми во секое населено место, со описи кои ја опишуваат моменталната состојба и потребите и проблемите кои беа утврдени во заедницата со спроведеното истражување.**

**Во месец декември беше реализирана активноста изложување на PhotoVoice продуктите преку организирање на еден јавен настан-изложба во просториите на КЛУБ ПЕТ во Прилеп. На настанот присуствуваа 12 лица (листа на присутни, во прилог) кои имаа можност да се запознаат со клучните проблеми по однос на животната средина и моменталните проблеми и потреби со кои се соочува Ромското население во Прилеп.**







**Активност 3: Спроведување на активности за промоција на наодите од истражувањето и застапување за унапредување на состојбите**

**Во период ноември-декември беа реализирани низа активности за промоција на наодите од истражувањето и застапување за унапредување на состојбите според предвидената временска рамка.**
**Првично беа прибрани информации преку различни извори/методи и беше доставена бараната информација поврзано со матични лекари/ординации каде има пациенти Роми (опфатени со еколошкото истражување), корисници на примарните здравствени услуги со цел да се обезбедат информации за најчестите заболувања кои се пријавуваат кај матичните лекари.**

**Исто така, беше подготвена листа на лица и нивни контакти со цел доставување на покана за нивно активно партиципирање на завршната конференција поврзан со еколошките ризици врз здравјето.**





Како завршна активност од проектот, на 12 декември во хотел Мериот − Скопје се одржа Национална конференција „Живот на периферијата” во насока на презентирање на наодите од истражувањето, на која учество зедоа повеќе чинители и тоа претставници на општинската администрација на општините Шуто Оризари, Куманово, Прилеп, Виница, Делчево и Пехчево, претставници од граѓански организации и фондации, активисти и засегнати граѓани.

За време на презентацијата на наодите од истражувањето освен пристапот, методологијата и начинот на спроведување на истражувањето, како и добиените резултати беа опфатени и следните аспекти:
-Клучни еколошки ризици со кои се соочуваат Ромите во опфатените општини;
-Загадување на воздух: надворешно загадување (близина до индустриски објекти, палење на депонии, итн.) и загадување внатре (загревање, готвење, ладење, пушење внатре);
-Вода, санитарни услови и хигина (пристап до вода за пиење, готвење и миење; користење на тоалет и септичка јама; итн.);
-Инфраструктура (улици, осветлување, одведување на води преку организиран одвор, довод на вода, атмосферска канализација, градба на објектите, мувла и влага);
-Ризици при работа (изложеност на отпадни води и ѓубре, високи температури, итн.);
-Што на локално ниво се прави за надминување на овие предизвици?

## 5. Пристап до правда за најмаргинализираните

- **Обезбедување бесплатна правна помош и правна помош**

Во изминатиот период континуирано беше давана правна помош за маргинализираните заедници од општините Прилеп, Кривогаштани и Долнени, на припадниците на ромската заедница, на лицата кои живеат во руралните средини како и на други поединци и семејства во социјален ризик. Услугите се даваа и лично, во канцеларијата на здружението, како и преку телефонската и онлајн услугата Повикај итна параправна помош, која беше воведена во март 2020 година како резултат на пандемијата, но продолжи да биде корисна алатка за полесен пристап и поголем досег. Главните области во кои беше потребна правна помош беа социјалната и здравствената заштита, личната документација, заштитата на децата, како и работните, станбените, еколошките и земјоделските права. Помалку случаи, но многу важни во справувањето, беа забележани во областа на родово засновано и семејно насилство, особено критично прашање имајќи ја предвид тенденцијата на жртвите од маргинализираните заедници да се двоумат при пријавувањето на вакви случаи.
На овој начин, на маргинализираните заедници им беа дадени вкупно 337 услуги на правна помош.

- **Обезбедување параправна помош**

Во периодот на известување, 4-те ангажирани параправници (двајца од општина Прилеп – ромска заедница и мариовски регион, еден за општина Кривогаштани и еден за општина Долнени) беа континуирано активни во рамките на нивните заедници во обезбедување параправна помош, едукација и упатување граѓаните до постапките за остварување на нивните права, пополнување документација и решавање на посложени предмети за понатамошна правна помош.
Главните области во кои беше потребна параправна помош беа здравствената и социјалната заштита, личната документација, образованието, домувањето, еколошките права и земјоделските права.
На овој начин, на маргинализираните заедници им беа дадени вкупно 571 услуги на параправна помош.

- **Обезбедување услуги преку Мобилна канцеларија за параправна помош**

Мобилната канцеларија за параправна помош продолжи со својата активност на трите локации, според претходно утврден распоред:
- село Витолиште секој вторник,
- село Кривогаштани секоја среда и
- село Ропотово секој петок.






Тимот од правник и параправник даваше услуги директно на заедниците, во исто време комуницирајќи и идентификувајќи ги и индивидуалните и системските пречки во остварувањето на правата.
Главните области во кои беа потребни услугите на Мобилната канцеларија се социјалната заштита, здравственото и пензиското осигурување, личната документација, заштитата на децата, како и земјоделските и еколошките права.
На овој начин беа обезбедени вкупно 337 услуги (122 правна и 215 параправна помош) на оддалечените рурални заедници.

- Организирање едукативни работилници со граѓани

Одржани беа 6 едукативни работилници со цел да се обезбеди широко едукативно влијание врз маргинализираните и изолираните луѓе од ромските и руралните заедници.
Со активноста беа опфатени вкупно 240 граѓани од општините Прилеп, Кривогаштани и Долнени.
Работилниците се одржаа по следниот распоред:
- 14 декември, 10.30 часот – Кривогаштани
- 14 декември, 13.00 ч. – Воѓани
- 15 декември, 11.00 часот Витолиште
- 16 декември, 14.00 ч. – Прилеп
- 21 декември, 10.30 часот – Ропотово
- 26 декември, 14.00 ч. – Дебреште








Работилниците беа составени од два дела. Во првиот дел се разговараше и беше презентирана правната помош и поддршката што ја дава нашето здружение, а во вториот дел учесниците имаа можност да дознаат повеќе за остварувањето на правата од социјална заштита, домувањето, инфраструктурата и други прашања кои се во фокусот на различни групи граѓани.

- Подготовка и дистрибуција на едукативни и информативни материјали

Од месец мај до месец јули 2022 година по подготовката на промотивните материјали, беше изготвен план за дистрибуција за споделување на промотивните материјали со граѓани и институции од општините Прилеп, Крвогаштани и Долнени.

Потоа беа организирани четири посебни акции за распределба на материјалите меѓу граѓаните - по една во селата каде што е активна Мобилната канцеларија за параправна помош (Кривогаштани, Ропотово и Витолиште) и по една во ромската заедница во Прилеп. Паралелно, промотивните материјали беа поделени и до единиците на локалната самоуправа од трите општини, како и до 10 други локални институции како Центарот за социјални работи Прилеп, Фондот за пензиско и инвалидско осигурување - подрачно одделение Прилеп, Министерство за земјоделство – подрачно одделение во Кривогаштани, насока Државен регистар – подрачни одделенија Прилеп и Кривогаштани и др.

На овој начин беа поделени вкупно 1535 парчиња промотивни материјали (170 маици, 240 папки, 140 тетратки, 100 чанти, 500 подметачи, 300 пенкала и 225 флаери). Од оваа бројка, вкупно 1110 материјали се дистрибуирани до граѓаните на општините Прилеп, Кривогаштани и Долнени, а 425 материјали се поделени на 10 локални институции од овие општини, согласно планот за дистрибуција.













- **Мапирање на моменталната состојба со процесот на вакцинација на таргетираните маргинализирани заедници**

**Како дел од нивната секојдневна работа, во наведениот период четворицата параправници спроведуваа теренско истражување за моменталната состојба и процентот на вакцинирани лица од нивните заедници. Анкетата е спроведена на неформален начин, преку неврзани разговори со граѓаните, за тие да се чувствуваат слободни да комуницираат и да споделуваат вистинити информации за двете клучни точки:**

**- нивниот статус на вакцинација,**

**- причините зошто би ја прифатиле/одбиле имунизацијата.**

**Причината за овој неформален начин на спроведување на анкетата беше да се добијат порелевантни информации, така што информативното видео што ќе се подготви како продолжение ќе има поголемо влијание и ќе ги адресира вистинските прашања, проблеми и грижи што ги имаат граѓаните во врска со имунизацијата.**




**На овој начин, со мапирањето беа опфатени вкупно 150 граѓани од ромските и руралните заедници (60 Роми и 90 лица од руралните заедници).**

**Резултатите го покажаа следново:**

**- 38% од ромската заедница се вакцинирани, наспроти 62% кои не се вакцинирани,**

**-Вакцинирани се 46% од жителите на руралните средини, наспроти 54% кои не се вакцинирани,**

**- Најчести причини за добивање на вакцината се заштитата од болеста и обврската за патување и работа.**

**- Најчести причини за неприфаќање на вакцината се стравот од друга болест или неплодност, неверувањето дека вакцините штитат од КОВИД-19, а исто така верувањето дека и КОВИД-19 и вакцините се вештачки создадени политички алатки за контрола на луѓето.**

- **Подготовка и дистрибуција на едукативни материјали и видео**

**Врз основа на резултатите од претходно спроведената теренска анкета за моменталната состојба и процентот на вакцинирани лица од ромските и руралните заедници, во текот на октомври беше подготвено промотивно видео со главните резултати од мапирањето и изјавите на параправниците кои се однесуваа на придобивките и важноста на имунизацијата против COVID-19.**

Видеото беше споделено преку Фејсбук и Инстаграм страниците на здружението во ноември и го имаше следниов опфат:
Достапност на Фејсбук: 1800 луѓе, 2400 прегледи
Инстаграм достапност: 15073
Врз основа на резултатите од претходно спроведената теренска анкета за моменталната состојба и процентот на вакцинирани лица од ромските и руралните заедници, во текот на декември 2022 година беше подготвен инфографик кој ги содржи главните наоди од теренската анкета. Инфографикот беше споделен преку веб-страницата и социјалните мрежи на здружението (Фејсбук, Инстаграм).

- Обука за параправници за надградба на нивното знаење со цел да се обезбедат квалитетни услуги за Ромите, луѓето кои живеат во руралните средини и другите маргинализирани групи

Во периодот од 21 декември до 23 декември, во хотел Тино во градот Охрид беше организирана обука за постоечки параправници и активисти на здружението. Целта на обуката беше да се зајакне и надгради знаењето на параправниците, да се разговара за најновите предизвици во работата на терен и да се истакнат темите кои ќе бидат актуелни во наредниот период. Обуката се состоеше од 6 сесии и тоа:
- Сесија 1: Обезбедување услуги во време на криза – предизвици и промени
- Сесија 2: Комуникација со ранливите категории граѓани
- Сесија 3: Мобилна канцеларија за параправна помош – резултати и научени повреди
- Сесија 4: Практична вежба – дебатен клуб
- Сесија 5: Заштита на животната средина и климатска правда – тема во фокусот за наредниот период
- Сесија 6: Заклучоци и препораки за идната работа.











**Обуката ја водеше Христина Здравеска – правник и давател на правни услуги во Станица П.Е.Т. На обуката присуствуваа вкупно 10 учесници – параправници, членови на тимот и активисти на здружението.**

- **Документирање на прекршувања на човековите права**

**Правниците и параправниците на здружението континуирано водат евиденција-документација за лицата кои бараат правна и параправна помош. Тоа го прават со пополнување стандардизирани формулари во онлајн базата, со основни податоци како име и презиме на граѓанинот, возраст, адреса на живеење (град, село), податоци за контакт, како и краток опис на случајот.**
**Како резултат на оваа активност, во електронската база на податоци беа евидентирани вкупно 1245 случаи на дадени правни и параправни услуги (како во редовните објекти на здружението така и преку Мобилната канцеларија за параправна помош).**
**Овој податок се користи не само како евиденција за степенот на обезбедена поддршка на заедниците туку и како алатка за откривање на системските пречки во остварувањето на правата.**

- **Поднесени поединечни случаи поврзани со здравствени, социјални и други човекови права**

**Во извештајниот период до надлежните институции се доставени три поединечни случаи и тоа:**
**- Реакција до Центарот за социјални работи Прилеп поврзана со пречки во остварувањето на родителското право на татко од рурална средина кој е старател на две малолетни деца, соочувајќи се со недолично однесување од мајката.**
**- Реакција до МВР во врска со одложување на донесување решение по поднесено барање за државјанство, во законски предвидениот рок.**

- Барање за бесплатен прием на студент во Државниот студентски дом во Прилеп.
-Информација до МВР по барање за дополнителна документација по поднесено барање за државјанство од А.К., жена која живее во рурална заедница која веќе неколку години неуспешно се обидува да го оствари своето право на државјанство.
- Реакција до МВР и Народниот правобранител за постапување во постапката по поднесено барање за државјанство. Имено, ова е уште еден случај на пречекорување на законски предвидениот рок за одговор на барањата за прием во државјанство.
- Реакција до Јавното обвинителство, Народниот правобранител и МВР за одолжување на постапката по пријавена полициска бруталност врз малолетник Ром.

- Подготвени и поднесени барања до надлежните институции поврзани со кршење на човековите права

Како дел од редовната правна и параправна помош, проектниот тим е активен и во идентификување на случаи каде што се откриени потешки прекршувања на човековите права, со што се поднесуваат соодветни барања до релевантните институции кои бараат да преземат итни мерки за да се обезбеди реализација на правата на граѓаните.
До надлежните институции се поднесени две барања поврзани со откриени прекршувања на човековите права и тоа:
- На 02.03.2022 година до Министерството за внатрешни работи, Народниот правобранител и градоначалникот на Општина Прилеп е поднесено електронско барање за итна реакција, поврзано со пропусти и прекин на континуитетот во потрагата по исчезнатото 10-годишно дете во село Врпско, Мариово.
- На 02.02.2022 година беше поднесена писмена реакција до Народниот правобранител, МВР и Центарот за социјална работа Прилеп, за пропусти во заштитата на три малолетни деца Роми, кои според информациите дадени од параправникот и бабите и дедовците
- Во август 2022 година беше поднесена реакција за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата и усогласување со Законот за минимална плата до Владата на Република Северна Македонија како и до Министерството за труд и социјална политика.

## 6. Зајакнување на повратниците Роми преку еднаков пристап до економски и социјални права

**Целта на проектот е идентификување на повратници Роми, преку реализирање на теренски посети во Општина Прилеп, населба Тризла за мапирање на повратниците. Методолошкиот пристап на теренски посети на семејствата беше „од врата до врата", а идентификуваните семејства од целната група се информирани за проектот и можностите во истиот, како и пополнување на изјава за статус на повратник. Мапираните заинтересирани лица беа вклучени за следење на обуки за меки вештини, дигитални вештини, учество во програмата за старт-ап бизниси. За таа цел, на ден 22 и 23 декември 2022 година беа одржани две последователни обуки во просториите на СТАНИЦА П.Е.Т. Прилеп, на која беа присутни 32 учесници (18 мажи и 14 жени), повратници од странство. Дводневната обуката започна со информирање на целната група за можностите што ги дава проектот. Тоа што беше посочено на учесниците беа можностите за обуки, изработка на бизнис план, нивно вработување и отварање на старт-ап бизниси, со набавка на материјали и опрема.**



**Во текот на дискусијата со учесниците, беше отворени повеќе прашања во однос на предизвиците и потребите како повратници од странство и предизвиците со кои се соочуваат при вклучување во општествениот систем. Едно од клучните прашања кое беше покрената е за статусот во АВРСМ-ЦВ-Прилеп. Дел од учесниците се изјаснија дека се активни баратели, а дел дека се пасивни, како и помал број дека воопшто не се пријавуват.**

**Очекувањата од придобивките на проектот се заснова на методолошки пристап до целната група кои имаат повратничко искуство од западно-европските земји за нивна реинтеграција преку олеснување на пристапот на повратниците до административните процедури, обезбедување социјални и здравствени услуги, пристап до активности за поддршка на вработувањето што водат до подобрување на вработливоста и активирање на пазарот на трудот, како и следење на обуки за меки вештини, дигитални вештини, учество во програма за старт-ап бизниси.**



**Активности предвидени со проектот:**

**1.1 Идентификување на критериуми за избор на координатор**

**1.2 Подготовка на методологија за идентификација на Роми повратници**

**1.3 Идентификување и ангажирање на теренски работници**

**1.4 Идентификација на Роми повратници**

**1.5 Обезбедување услуги за олеснување на пристапот на повратниците до административните процедури**

**1.6 Пристап до активности и/или услуги за поддршка на вработувањето што водат до подобрување на вработливоста и активирање на пазарот на трудот**

**1.7 Достапност и испорака на социјални услуги до повратниците, вклучувајќи застапување и посредување на повратникот пред институциите**

**1.8 Поднесување на извештај за напредок и конечен извештај**

**1.9 Логистичка поддршка при организирање обуки за меки вештини, дигитални вештини и старт-ап бизниси**

## 7. Преку вклучување на Ромите кон унапреден процес на следење на контактите за превенција во време на пандемија

**Акцијата се однесува на остварување на две цели:**
**1) Проценка на корисноста и практичноста на „Оперативниот водич за вклучување на заедницата во процесот на следење на контакти преку: спроведување на дискусија со лица од релевантните институции за следење на контакти; спроведување на дискусија во фокус група со ромско население; спроведување на истражување помеѓу ромското население; подготовка на студија на случај.**
**2) Да се обезбедат докази за здравствените власти по однос на тоа како Водичот и спроведувањето на принципите можат да градат доверба, да ја зајакнат отпорноста на на заедницата кон идни здравствени кризни состојби и да се унапреди процесот на следење на контакти преку: презентација на наодите на национална конференција; споделување на наодите од извештајот со сите релевантни инстуции и граѓански организации; одржување на два Вебинари преку мрежата на КОПАСАХ.**

**Во период од мај – јуни 2022 година, беа реализирани следните активности:**
**1. Спроведување на дискусија со лица од релевантните институции за следење на контакти**
**-Средба за спроведување на дискусија со претставник од Локалната самоуправа на Општина Прилеп и претставник од Локалниот кризен штаб од Општина Прилеп и претставници од останати релевантни институции на локално ниво**
**2. Спроведување на дискусија во фокус група со ромско население**
**-Организирање и учество на осум претставници од ромската заедница за спроведување на фокус групата со ромско население.**



**3. Спроведување на истражување помеѓу ромското население**

**-Спроведување на теренско анкетирање на 700 испитаници согласно насоките обезбедени од ЕСЕ**

**4. Подготовка на студија на случај**

**-Подготовка на студија на случај во соработка со персоналот на ЕСЕ**

**5. Презентација на наодите на национална конференција**

**-Учество на националната конференција и обезбедување на учество на претставници од заедницата**

**6. Споделување на наодите од извештајот со сите релевантни инстуции и граѓански организации.**

**-Споделување на наодите од извештајот со релевантните институции и граѓански организации на територијата на Општина Прилеп**

**7. Одржување на два Вебинари преку мрежата на КОПАСАХ**

**-Учество на вебинари**



## 8. Legal Empowerment Fund – institutional support

**Низ светот, повеќе од 5 милијарди луѓе немаат значаен пристап до правда. Фондот за правно зајакнување (LEF) е прва таква иницијатива која е посветена исклучиво на затворање на глобалниот јаз во правосудството преку инвестирање во конкретни решенија кои се креирани и управувани од локално ниво во заедниците и донесување на стратегии на ниво на заедницата во целост.**
**Во јануари 2022 година, LEF го започна својот инаугуративен циклус на финансирање. Сите грасрут активисти и организации кои работат на правно зајакнување каде било во светот беа поканети да аплицираат за флексибилно финансирање. На повикот, LEF прими повеќе од 4.800 апликации од 153 земји. Севкупно, групите побараа повеќе од 233 милиони американски долари за финансирање - што претставува вистински доказ за огромната потреба за поголеми инвестиции на ниво на грасрут.**
**Еден од 49те грантисти избрани од Фондот беше и Станица П.Е.Т.**

**Целта на проектот кој е застапуван од Станица П.Е.Т. е да се постигне организациско зајакнување преку активности кои вклучуваат помош и поддршка на заедниците коишто се соочуваат со системски пречки преку систем на учење, користење и обликување на правото.**
**Во тековната година се работеше на планирање на активностите, одржување на средби и месечни состаноци со донаторот и грантистите и беа креирани неколку онлајн флаери и беше подготвен план за следни активности за наредната година.**

# ПРОГРАМА: ТРАНСПАРЕНТНОСТ И АНТИ-КОРУПЦИЈА

- **Граѓански ангажман за подобра иднина (ноември 2022 – април 2023) поддржан од IFES – International Foundation for Electoral Reforms преку МЦМС**

1. **Граѓански ангажман за подобра иднина**

**Главната цел на проектот е зголемено политичко учество на граѓаните заради исполнување на ветените програми и проекти од страна на локалната власт. Резултатите кои треба да се постигнат вклучуваат: зајакнати капацитети на граѓаните за зголемен граѓански ангажман на локално ниво и свртено внимание на локалната власт за потребата од одговорност кон граѓаните во реализација на ветените програми и проекти.**

**Во текот на месец ноември започнавме со спроведување на проектот, односно првата планирана активност, па така после мапирањето и мобилизирањето на граѓани од заедницата, за кое што ни помогнаа назначените мобилизатори на терен а во соработка со координаторот на проектот, на 25.11.2022, во просториите на социјалното претпријатие Клуб П.Е.Т. го одржавме првиот форум со граѓани од заедницата заради дискутирање на потребата од зголемен граѓански ангажман за актуелизирање на прашањето за изградба на детски градинки, на која учество зедоа 10 граѓани – родители на 12 деца кои чекаат прием во градинка, при што 7 од нив се лица во социјален ризик и во определен обем се маргинализирани по основ на етничка припадност, боја на кожа или социјална состојба.**

**За време на форумот се дискутираа предизвиците со кои се соочуваат родителите поради недостигот на детски градинки во општината, ветените активности од страна на актуелната локална власт за решавање на овој проблем, како и потребата од зголемен граѓански ангажман и учество на засегнатите граѓани со цел поттикнување на локалната власт за исполнување на ветеното, а воедно позитивно беше поздравена нашата иницијатива, за која граѓаните кажаа дека е од големо значење за "да ги потсети властите што ветуваат пред избори и дека треба да го исполнат ветеното".**





**Во текот на месец декември продолживме со спроведување на проектот, односно првата планирана активност, па така после мапирањето и мобилизирањето на граѓани од заедницата, за кое што ни помогнаа назначените мобилизатори на терен а во соработка со координаторот на проектот, на 20.12.2022 година, во хотел Кристал Палас го одржавме Вториот форум со граѓани од заедницата заради дискутирање на потребата од зголемен граѓански ангажман за актуелизирање на прашањето за изградба на детски градинки, на кој учество зедоа 25 граѓани.**

За време на форумот се дискутираа предизвиците со кои се соочуваат родителите поради недостигот на детски градинки во општината, ветените активности од страна на актуелната локална власт за решавање на овој проблем, како и потребата од зголемен граѓански ангажман и учество на засегнатите граѓани со цел поттикнување на локалната власт за исполнување на ветеното, а воедно позитивно беше поздравена нашата иницијатива, за која граѓаните кажаа дека е од големо значење за “да се исполни ветеното и да се започне со делување во насока на решавање на локалните проблеми“.

На 22.12.2022 година, во ресторан Дел Посто, се одржа Третиот форум во заедницата, на кој учество зедоа 15 учесници – родители на 12 деца кои чекаат прием во градинка, при што 2 се лица во социјален ризик. За време на форумот беа истакнати неколку значајни поенти: немањето на простор во детските градинки, дека истото тоа влијае и на квалитетот на образовниот процес, дека е потребно да се отворат нови градинки, да се олесни начинот на прием во градинка и се подобрат условите во постојните градинки.









# ПРОГРАМА: ОРГАНИЗАЦИСКО ЗАЈАКНУВАЊЕ

- **Социјално претпријатие КЛУБ ПЕТ (јануари 2021 – јануари 2022) поддржан од Фондација Отворено Општество Македонија**

## 1. Социјално претпријатие КЛУБ ПЕТ




**Во периодот јануари 2021 - јануари 2022 година, Станица П.Е.Т. го спроведе проектот „Социјално претпријатие – Клуб П.Е.Т.“ и во рамки на истиот започна со работа Клуб П.Е.Т., како место за организација на настани од различен тип и простор за индивидуална работа. Идејата за Клуб П.Е.Т. се развиваше подолг период во соработка со ЦЕЕД и Фондација Отворено општество – Македонија, а како начин на иновативно финансирање кое обезбедува финансиска самоодржливост за Станица П.Е.Т.**
**Главната цел на Клуб П.Е.Т. е започнување со социјална деловна активност во рамки на организацијата која истовремено ќе го подобри социјалниот импакт на здружението со што ќе се зајакне правната и параправната помош на здружението и ќе се обезбедат дополнителни фондови за вадење лична документација и за маркетинг и препознатливост на здружението.**

**Во изминатата година беа спроведени повеќе активности во рамките на проектот, кои опфаќаа: довршување на Ценовник за продажба на пакет услуги, а беа спроведени и повеќе настани. Така, во периодот јануари - декември 2022 година беа организирани 8 настани во Клуб П.Е.Т и 10 инфо-сесии, а во истиот период просторот се издаваше на едно лице за повремена канцелариска работа.**
**Преку спроведените економски активности се разви континуитет во реализација на социјалната деловна активност во рамки на организацијата, но и подобрување на социјалниот импакт на здружението кој се остварува со обезбедување на дополнителен фонд за вадење на лична документација за социјално загрозени граѓани кои се обраќаат во Клуб П.Е.Т.**
**Дел од настаните кои беа реализирани се следните:**

- **на 22.02.2022 година - Крводарителска акција во организација на Извиднички одред Феникс во соработка со Црвен Крст на Република Северна Македонија**
- **на 16.05.2022 година - едукативна сесија за баратели и иматели на информации од јавен карактер од Општина Прилеп организирана од Агенција за заштита на право на слободен пристап до инфо. од јавен карактер**
- **02.12.2022 година - јавна изложба на уметнички творби подготвени на работилницата за говор на омраза со кој се зајакнува антициганизмот во Северна Македонија организирана од Станица П.Е.Т. и др.**




СТАНИЦА
П.Е.Т.
ЗДРУЖЕНИЕ ЗА
ПРАВНА ЕДУКАЦИЈА
И ТРАНСПАРЕНТНОСТ

ул. Прилепски бранители
бр. 24/1 - мезанин,
7500 Прилеп

www.stanicapet.org.mk

+389 76 278 753

stanicapet@gmail.com